**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Број 02-2046/3**
**13.03.2015 година**

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 1 од Законот за трговските друштва и член 21 став 1 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп, како и член 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување и член 39 став 2 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност, Управниот одбор на Друштвото, на својата **61**[ва] редовна седница, одржана на **13.03.2015 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за свикување на Годишно собранието на**
**Друштвото за деловната 2014 година**

1. Се свикува Годишно собрание на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп за деловната 2014 година.

2. Седницата на Годишното собрание на Друштвото се свикува согласно одредбите од Законот за трговските друштва преку објавување на јавен повик со содржина која се однесува на друштво чии акции котираат на берза, односно на друштво кое согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување.

3. Годишното собрание ќе се одржи на ден **09.04.2015 година (ЧЕТВРТОК)**, во Скопје, во седиштето на Друштвото на 1 кат (сала за состаноци), со почеток во **09.00 часот**.

4. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на собрание ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за Хартии од вредност согласно Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вреднот.

5. За донесувањето на оваа Одлука, односно за свикувањето на Годишното собрание на акционери за деловната 2014 година ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија.

6. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик од став 2 ќе се објават на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото.

7. Јавниот повик, од став 2 на оваа Одлука, со дефинирана содржина на дневен ред, е составен дел на оваа Одлука.

8. Се задолжува **Ристо Секуловски**, како член на Управниот одбор на Друштвото. да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на Собранието на Друштвото .

9. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно член 384 став 1 од Законот за трговските друштва, како и во членот 21 став 1 од Статутот на Друштвото, е нотирано дека Годишното собрание го свикува органот на управување на друштвото во рокови определени како во споменатите членови. Членот 408 од Законот за трговските друштва предвидува дека одлуката која е донесена на собрание кое не е свикано во согласност со одредбите од законот и одредбите од статутот на друштвото е ништовна. Од причина што согласно одредбите од Законот за хартии од вредност Друштвото е со посебни обврски за известување, седницата на

Годишното собрание ќе се свика согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на друштва со посебни обврски за известување.

Во членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување е предвидена обврска за редовно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија во случај на свикување на собрание на акционери на Друштвото. Членот 39 став 3 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност определуваат дека издавачите од сите подсегменти се должни да го објават јавниот повик за одржување на собрание на акционери на насловната страница од својата официјална интернет страница, во најмалку еден дневен весник во Република Македонија, како и на интернет страницата на Берзата преку СЕИ - НЕТ системот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на Управен одбор**

Г-дин Бошко Андов